РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање на мислење во однос на тоа дали постои судир на интерес во случај кога член на совет на Општина, е и претседател на Фудбалски клуб. Исто така, во барањето е наведено дека фудбалски клуб добива финансиски средства од Општина каде лицето е избрано и од Град Скопје.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не предвидува забрана или ограничување за ситуацијата за која е побарано мислење, односно истиот може да ја извршува функцијата член на совет на општина и да бидете претседател/овластено лице на Фудбалскиот клуб.

Од друга страна, согласно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидена е забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата и тоа:

*„**Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице** или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции **не може да биде корисник на** грант, заем односно **финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.“***

Имено, лицето како сопственик/основач на фудбалскиот клуб не може да користи финансиска поддршка од државата или единиците на локалната самоуправа. Односно, доколку и понатаму е сопственик/основач на Фудбалскиот клуб има забрана за користење на финансиска државна помош.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk